Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 18 април 2023 година, дава

# Р Е Ш Е Н И Е

за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС) по „Административно право и администрација" на Правен факултет - Кичево при Универзитет „Св.Климент Охридски" - Битола

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС) по „Административно право и администрација" на Правен факултет - Кичево при Универзитет „Св.Климент Охридски" - Битола.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

По добивање на Решение за акредитација на студиската програма „Административно право и администрација", од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС), на Правен факултет -Кичево при Универзитет „Св.Климент Охридски" - Битола, бр.08-379/9 од 31.10.2022 година од Агенцијата за квалитет во високото образование, односно Одборот за акредитација на високото образование, Универзитетот „Св.Климент Охридски" - Битола се обрати со барање бр.08-1246/2 од 7.11.2022 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование со бр.08-1130/1 од 11.11.2022 година за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС) по „Административно право и администрација" на Правен факултет - Кичево при Универзитет „Св.Климент Охридски" - Битола, единица во состав.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование со Решение бр.08-1130/2 од 14.11.2022 година, формираше Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма, наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 15.11.2022 година изврши увид и изготви Извештај бр.08-1130/3 од 21.11.2022 година во кој се констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на академски студии – докторски студии (180 ЕКТС) по „Административно право и администрација" на Правен факултет - Кичево при Универзитет „Св.Климент Охридски" - Битола, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна

Македонија“ бр.178/21) и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10 и бр.168/10).

Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование*, решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решението задолжително се објавува на веб-страницата на Агенцијата за квалитет во високото образование.

Имајќи го предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**Бр. 41-2024/6**
**18 април 2023 година**
**Скопје**

**Претседател на Владата на**
**Република Северна Македонија**

**д-р Димитар Ковачевски**

Подготвил: Владимир Лазаревски, соработник
Проверил: Катерина Јаневска, раководител на одделение
Никола Пасков, раководител на одделение
Контролирал: Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор
Jetmira Maliqi, помошник раководител на сектор
Согласен: Снежана М. Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата